This project is funded by the European Union
Овој проект е финасиран од Европската Унија

A project implemented by the Coalition All for Fair trials
Проектот е имплементиран од Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

ЈУНИ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 01.06.2022 година, закажаното рочиште за главна расправа се одложи.

На 02.06.2022 година, 06.06.2022 година и 08.06.2022 година, на закажаните рочишта за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 30.06.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на јавниот обвинител.

### „ТИТАНИК“ КОК-28/22

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа, надлежниот јавен обвинител повлече дел од предложените докази, а кои докази се однесуваа на дел од претходно обвинетите во постапката кои признаа вина.

На 17.06.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на јавниот обвинител, а заради неодложни службени обврски.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.06.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што сеуште не е изготвено супервештачење.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 03.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ДИЗАЈН“ КОК-46/22

На 03.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа, беше даден воведен говор од страна на обвинетите и нивните бранители во постапката.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 15.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На ден 13.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-7/20

На 01.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци.

На 27.06.2022 година и 28.06.2022 година, рочиштата за главна расправа беа одложени поради непотполн судечки совет.

# Останати судски предмети

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 03.06.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на одбраната.

На 08.06.2022 година, беше донесена и јавно објавена пресудата со која двајцата обвинети беа огласени за виновни, при што судот на првообвинетиот му изрече казна затвор во траење од 6 години, додека на второобвинетиот алтернативна мерка - условна осуда, со утврдена казна затвор во траење од 2 години, која казна нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 5 години не стори ново кривично дело. Судот исто така донесе и одлука за конфискација на недвижниот имот кој бил противправно стекнат.

## „ТРЕВНИК“ К-1925/20

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа, во продолжение на доказна постапка беа испитани вешти лица, предложени од страна на одбраната.

На 09.06.2022 година,  на рочиштето за главна расправа се испитуваа двајца обвинети, по предлог на одбраната.

На 16.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 27.06.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на еден од обвинетите, а заради здравствени причини.

## „КАМЧЕВ ПРОТИВ БОЈАН ЈОВАНОВСКИ И КАТИЦА ЈАНЕВА“ П4-739/21

На 06.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше сослушан сведок, предложен од страна на тужителот во постапката.